

ИЗДАНИЕ БР.22, МЕСЕЦ ЈУНИ 2020

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ







**КОНТИНУИРАНО СЕ САНИРААТ УДАРНИТЕ ДУПКИ НА СООБРАЌАЈНИЦИТЕ КАКО ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ ТАКА И НА СИТЕ ОСТАНАТИ УЛИЦИ ВО ГРАД КАВАДАРЦИ.**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИОРИТЕТ ДАВА И НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА КОИ ВОДАТ ДО КАВАДАРЕЧКИТЕ СЕЛА. ПО НАСТАНАТОТО СВЛЕЧИШТА ПРЕДИЗВИКАНО ОД ОБИЛНИ ВРНЕЖИ НА ДОЖД СЕ ВРШИ САНИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ПАТ С.РЕСАВА – С.БЕГНИШТЕ**





**ВО ТЕК Е РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЦЕЛА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА НА УЛ.СТИВ НАУМОВ СО ДОЛЖИНА ОД 100 МЕТРИ, СО ПРИКЛУЧОЦИ И ПРИКЛУЧНА ВОДОВОДНА ШАХТА А ВО НАРЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ.**

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**САНИРАЊЕ НА ПРОКОП НА УЛ.ПАНЕ ЏУНОВ СПОЈ СО УЛ.4ТИ МАЈ, ИСТИОТ Е АСФАЛТИРАН ОТКАКО СЕ ИЗВАДЕНИ БЕХАТОН КОЦКИТЕ.**





**ОТКАКО Е ИЗВРШЕНО САНИРАЊЕ НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА, ИЗВРШЕНО Е И САНИРАЊЕ НА БЕХАТОН КОЦКИТЕ НА УЛ.ДИМЕ АТАНАСОВ.**



**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИОРИТЕТ ДАВА И НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО КАВАДАРЕЧКИТЕ СЕЛА КОИ ЖИТЕЛИТЕ ГИ КОРИСТАТ КАКО ПАТИШТА ДО НИВНИТЕ ОБРАБОТЛИВИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОВРШИНИ.**



**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИОРИТЕТ ДАВА И НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО КАВАДАРЕЧКИТЕ СЕЛА КОИ ЖИТЕЛИТЕ ГИ КОРИСТАТ КАКО ПАТИШТА ДО НИВНИТЕ ОБРАБОТЛИВИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОВРШИНИ. СЕ САНИРААТ ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО С.ДРЕНОВО.**

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА УСПЕШНИОТ ПРОЕКТ ЗА ОБНОВА НА ФАСАДИТЕ НА ЗГРАДИТЕ ВО СТРОГИОТ ЦЕНТАР НА ГРАДОТ.**
**ГРАДЕЖНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „МЕТАЛ АПОСТОЛОВ“ ЗАПОЧНА СО ОБНОВУВАЊЕ НА ФАСАДАТА НА ЗГРАДАТА ПОСЛЕ „СТАРАТА АВТОБУСКА“ НА УЛИЦАТА „ИЛИНДЕНСКА“. ОВА Е ПРВАТА ОД ВКУПНО ПЕТТЕ ЗГРАДИ НА КОИ ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ФАРБАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА САЧОКОТ И ОЛУЦИТЕ. ЧЕТИРИ ЗГРАДИ СЕ НА „ИЛИНДЕНСКА“ А ЕДНА ЗГРАДА Е НА УЛИЦАТА „ЦАНО ПОП-РИСТОВ“ НА СЕВЕРНИОТ ВЛЕЗ ОД ГРАДСКИОТ ЗЕЛЕН ПАЗАР.**
**ЗА ОВАА НАМЕНА ОПШТИНАТА ОД БУЏЕТОТ ОДВОИ НАШТО НАД ЧЕТИРИ МИЛИОНИ ДЕНАРИ.**
**ДА ПОТСЕТИМЕ ДЕКА ВО ПРВАТА ФАЗА ОПШТИНАТА ОБНОВИ ФАСАДИ НА ТРИНАЕСЕТ КОЛЕКТИВНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ, ЛОЦИРАНИ ПОКРАЈ ЦЕНТРАЛНИТЕ ГРАДСКИ УЛИЦИ.**




**ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ РАБОТИ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНИОТ ПРОЕКТ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА АСВАЛТНАТА ПОДЛОГА НА ДЕЛ ОД УЛ. „БРАЌА МИЛАДИНОВИ“.**
**СЕ ИЗВЕДУВААТ ЗАВРШНИТЕ РАБОТИ ОД ПОДГОТОВКАТА ПРЕД ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИОТ АСФАЛТ. ПРЕТХОДНО БЕШЕ ИЗВРШЕНО ГРЕБЕЊЕ НА СТАРИОТ И ОШТЕТЕН АСФАЛТ.**
**СО ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНАТА ЌЕ ОБНОВИ КОЛОВОЗНА ПОВРШИНА ОД 1.250М2 НА ДЕЛНИЦАТА ОД СПОЈОТ СО УЛ. „КИРО КРСТЕВ“ ДО СПОЈОТ СО УЛ. „МЕТОДИ ЏУНОВ-ЏИКО“.**





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ОД КАВАДАРЦИ ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „ЈОВАНЧЕ ВЕЛКОВ“ ВО ДОЛЖИНА ОД 400 МЕТРИ. УЛИЦАТА Е ЛОЦИРАНА НА ДЕСНАТА СТРАНА ОД „КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ“ ДО СПОЈОТ СО УЛ. „ПРАВЕДНИЧКА“. ПРЕТХОДНО НА ОВАА ДЕЛНИЦА СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ, ПОРАМНУВАЊЕ, ПОСТАВУВАЊЕ НА РАБНИЦИ И ТАМПОНИРАЊЕ.**
**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО РЕАЛИЗИРА ОВОЈ ПРОЕКТ ВО СКЛОП НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА, ФИНАНСИРАН СО ПАРИ ОД ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ.**
**ИЗГРАДБАТА НА УЛИЦАТА Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ОВОЈ ДЕЛ НА КАВАДАРЦИ.**





**СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ ВО УЛИЧНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ОПШТИНАТА ДЕНОВИВЕ ГО РЕЛИЗИРА ПРОЕКТОТ ЗА ДОГРАДБА НА ЛИНИЈАТА ОД АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦАТА „ИЛИНДЕНСКА“.**
**АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „АФЕРДИТА“ ОД КИЧЕВО ГИ ИЗВЕДУВА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ НА ИСКОП И ПОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕВКИ СО ПРОФИЛ ФИ 315, КАКО И ШАХТИ. НОВАТА ЛИНИЈА Е ВО ДОЛЖИНА ОД 180 МЕТРИ.**
**СО НЕЈЗИНАТА РЕАЛИЗАЦИЈА ЌЕ СЕ ПОДОБРИ ЗАФАЌАЊЕТО И ОДВОДНУВАЊЕТО НА АТМОСФЕРСКИТЕ ВОДИ НА ОВОЈ ДЕЛ ОД УЛИЦАТА.**
**ПРОСТОР НА УЛ.КРСТЕ МИСИРКОВ.**





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



**ПРЕРЕДУВАЊЕ НА БЕХАТОН КОЦКИ НА УЛ.ДОНЕ ПОПОВ.**

**ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФОНТАНИ. ВЕЌЕ СЕ РЕКОНСТРУИРА ФОНТАНАТА ВО ПАРКОТ НА РЕВОЛУЦИЈАТА А ВО ИСТО ВРЕМЕ СЕ ВРШИ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФОНТАНАТА ВО ГРАДСКИ ПАРК. ОВОЈ ПРОЕКТ ОПФАЌА И ИЗГРАДБА НА УШТЕ ЕДНА НОВА ФОНТАНА КОЈА ЌЕ БИДЕ ЛОЦИРАНА НА НОВИОТ КРУЖЕН ТЕК НА БУЛЕВАР НИКОЛА МИНЧЕВ. ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ ОЧЕКУВА ДА БИДЕ ЦЕЛОСНО РЕАЛИЗИРАН ВО МЕСЕЦ ЈУЛИ И Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 2 858 000 ДЕНАРИ.**







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИОТ ПАРК„ЉУПЧО ШКАРТОВ“. ВО НАРЕДНИТЕ 3 МЕСЕЦИ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА„ГРАДБА ПРОМЕТ“ И НА ЈП„КОМУНАЛЕЦ“ ЌЕ РАБОТАТ НА НОВО ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОТ И ИЗГРАДБА НА НОВИ СОДРЖИНИ.**
**РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ГРАДСКИОТ ПАРК ОПФАЌА ОТСТРАНУВАЊЕ НА СТАРИТЕ И ОШТЕТЕНИ ДРВА, КАКО И СЕЧЕЊЕ НА ДИВО ИЗНИКНАТИТЕ РАСТЕНИЈА. ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ОБНОВА НА ТРЕВНАТА ПОВРШИНА НА ОКОЛУ 5.000 МЕТРИ КВАДРАТНИ. НА НИВНО МЕСТО ЌЕ БИДАТ ЗАСАДЕНИ ОКОЛУ 1.200 НОВИ САДНИЦИ НА 40 ВИДОВИ ДРВА И ГРМУШКИ.**
**ИСТО ТАКА СО РЕКОНСТРУКЦИЈАТА ЌЕ СЕ ПОСТАВИ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ, КАКО И ДОПОЛНИТЕЛНО ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. ПЛАНИРАНА Е ИЗГРАДБА НА ДВА ВИДИКОВЦИ, ДВЕ НОВИ ПАТЕКИ, КАКО И ДРУГИ СОДРЖИНИ.**
**ИНВЕСТИТОР НА ОВАА ПРВА ГОЛЕМА ОБНОВА НА ПАРКОТ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 40 ГОДИНИ Е ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.**





**ПОРАДИ ОБИЛНИТЕ ВРНЕЖИ НА ДОЖД ВО ПОСЛЕДНИОТ ПЕРИОД ,СЕ ВРШИ ЧИСТЕЊЕ НА СИТЕ РЕШЕТКИ И СЛИВНИЦИ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ.**





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ




**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА„ГРАДБА ПРОМЕТ“ РАБОТИ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНИОТ ПРОЕКТ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА АСФАЛТНАТА ПОДЛОГА НА ДЕЛ ОД УЛ.„БРАЌА МИЛАДИНОВИ“. ДЕНЕС СЕ ВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА ОВАА УЛИЦА СО ПРЕТХОДНА ПОДГОТОВКА ЗА АСФАЛТ. СО ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНАТА ЌЕ ОБНОВИ КОЛОВОЗНА ПОВРШИНА ОД 1.250М2, НА ДЕЛНИЦАТА ОД СПОЈОТ СО УЛ.„КИРО КРСТЕВ“ ДО СПОЈОТ СО УЛ.„МЕТОДИ ЏУНОВ-ЏИКО“.**





**ВО ТЕК Е РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА УРБАНА ОПРЕМА. ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ 100 НОВИ КЛУПИ И 100 НОВИ КАНТИ ЗА ОТПАДОЦИ. ПРОЕКТОТ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА НА ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ , НА МЕСТА НА КОИ ШТО ИМА ПОТРЕБА ОД ЗАМЕНА НА СТАРАТА УРБАНА ОПРЕМА И ДОПОЛНУВАЊЕ СО НОВА.**







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО СЛУЖБИТЕ, БЕА НА ТЕРЕН НА УЛ.БАБУНА. СЕ НАОЃА РЕШЕНИЕ ЗА АТМОСФЕРКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА КАКО И СПОЈУВАЊЕ СО УЛ.РЕСАВСКА.**









**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДЕНОВИВЕ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НИВОТО НА БЕЗБЕДНОСТ НА ЧЕТИРИ КЛОНА НА ГРАДИНКАТА „РАДА ПОЦЕВА“. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ИЗНЕСУВА 2.148.949 ДЕНАРИ И ОПФАЌА: ОГРАДУВАЊЕ, ОСВЕТЛУВАЊЕ, НАСТРЕШНИЦИ И ДЕТСКИ ИГРАЧКИ. СО ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ ОПФАТЕНИ ОБЈЕКТИТЕ: „ГРОЗДОБЕРЧЕ“, „ДЕТЕЛИНКА“, „СНЕЖАНА“ И БУБА МАРА. ОПШТИНАТА ГО РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТОТ ПРЕКУ ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА СО ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕНТИТЕ НАЦИИ УНДП. ПОДДРШКАТА СЕ ОДНЕСУВА НА ЗАЈАКНУВАЊЕ ПРЕКУ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА (МАЛИ ГРАНТОВИ) ЗА ПРОИРИТЕТНИ МЕРКИ НА ОПШТИНИТЕ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА „МЕТАЛ АПОСТОЛОВ“ ОД КАВАДАРЦИ.**



**СЕ ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР НА УЛ.НАРОДНИ ХЕРОИ.**



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**ВО ТЕК НА РЕАЛИЗАЦИЈА Е ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ УСЛУГИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ, ОДДЕЛУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.КЛИНСКА И ДЕЛ ОД УЛ.МЕТОДИ ЏУНОВ ЏИКОТ. ПРОЕКТОТ Е ВО ИЗНОС ОД 11 598 234 ДЕНАРИ.**






**НА УЛ.ДАМЕ ГРУЕВ СЕ ЗАПОЧНА СО ВАДЕЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ КОЦКИ. ВО НАРЕДНА ФАЗА ,ЌЕ СЕ ПОСТАВУВА НОВА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА КАКО И ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА. ВО ПОСЛЕДНАТА ФАЗА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ.**



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА ПРОЕКТОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО С.ДРЕНОВО. ПРОЕКТОТ СЕ РЕАЛИЗИРА ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ И Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 764 180 ДЕНАРИ.





САНАЦИЈА НА УДАРНА ДУПКА ВО С.ВОЗАРЦИ.

НА ДЕЛНИЦА ОД 1.600МЕТРИ ОД ЛОКАЛНИОТ ПАТ ЛАДНО ДОЛЧЕ-СТРАГОВО-КРЊЕВО, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ЌЕ ВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИОТ ПАТ ВО ШИРИНА ОД 5,5.МЕТРИ. ОВА Е ПОСЛЕДНАТА ФАЗА ОД РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ОВОЈ ЗНАЧАЕН И ФРЕКФЕНТЕН ЛОКАЛЕН ПАТЕН ПРАВЕЦ КОЈ Е НАЈКРАТКАТА ВРСКА ПОМЕЃУ КАВАДАРЦИ И СЕЛАТА ОД БОШАВИЈАТА.
СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ СЕ ВРШИ ЦЕЛОСНО ОТСТРАНУВАЊЕ НА СТАРИОТ И ДОТРАЕН АСФАЛТ, ПРОШИРУВАЊЕ, ПОРАМНУВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ СО НАБИВАЊЕ НА ТРАСАТА. ОДВОДНУВАЊЕТО Е РЕШЕНО ДОЛЖ ЦЕЛАТА ТРАСА СО ТРАПЕЗНИ ЗЕМЈАНИ КАНАВКИ, А НА ОДРЕДЕНИ МЕСТА СЕ ПРЕДВИДЕНИ АРМИРАНО БЕТОНСКИ ЦЕВАСТИ ПРОПУСТИ. ВО ЗАВРШНАТА ФАЗА ЌЕ СЛЕДИ ПОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕЛОСНО НОВ АСФАЛТ.
ИНВЕСТИТОР Е ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО ДОБИЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОД-ЗАЕМ, ФИНАНСИРАНИ ПРЕКУ ПРОЕКТНАТА ЕДИНИЦА И МСИП ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПОДДРЖАН ОД СВЕТСКА БАНКА, СО ЦЕЛ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НА МЕСНОТО НАСЕЛЕНИЕ. РАБОТИТЕ ГИ ИЗВЕДУВА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ОД КАВАДАРЦИ.
СО РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ОВАА ДЕЛНИЦА СЕ ЗАОКРУЖУВА ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА ОВОЈ ЛОКАЛЕН ПАТ ВО ДОЛЖИНА ОД 8КИЛОМЕТРИ, ОД СПОЈОТ СО РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ КАВАДАРЦИ-МУШОВ ГРОБ НА ВИТАЧЕВО, ДО СПОЈОТ СО РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ КОНОПИШТЕ-КРЊЕВО-БАРОВО-ДЕМИР КАПИЈА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



**ВО ТЕК Е ЗАВРШНАТА ФАЗА ОД РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН СО ПОСТАВУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТНА БУСЕН ТРЕВА. СО ОВАА РЕКОНСТРУКЦИЈА ЗНАЧИТЕЛНО ЌЕ СЕ ПОДОБРАТ УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ФУДБАЛСКИТЕ НАТПРЕВАРИ. ПРОЕКТОТ СЕ РЕАЛИЗИРА ВО СОРАБОТКА СО АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ.**







**СПРОВЕДЕНО Е ПРВОТО АВИОНСКО ТРЕТИРАЊЕ ПРОТИВ КОМАРЦИ ЗА 2020 ГОДИНА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.**

**Извршено е асфалтирање на локалниот пат с.Ресава-с.Бегниште. Претходно се интервенираше поради свлечиште предизвикано од поројните дождови.**




**ВО ТЕК Е РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ НА УЛ.КИРО КРСТЕВ. ОВОЈ ПРОЕКТ ОПФАЌА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ НА НЕКОЛКУ УЛИЦИ И ТОА НА УЛ.ШАКАЛИЦА, УЛ.ДИМЧЕ МИРЧЕВ, УЛ.БРУШАНСКА И УЛ.КЛИНСКА. ПРОЕКТОТ СЕ ОЧЕКУВА ЦЕЛОСНО ДА СЕ РЕАЛИЗИРА ДО КРАЈОТ НА МЕСЕЦ ЈУЛИ. ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 3 556 000 ДЕНАРИ.**



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

**ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „АС МАШИНИ“ ОД КАВАДАРЦИ, ДЕНОВИВЕ РАБОТИ НА ДОГРАДБА НА ПОТПОРНИОТ ЅИД ВО С.МАРЕНА. СТАНУВА ЗБОР ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИОТ ЅИД ВО ДОЛЖИНА ОД НОВИ 35 МЕТРИ. ЅИДОТ СЕ НАОЃА НА ЛОКАЦИЈА ПОМЕЃУ ЦРКВАТА И СЕЛСКАТА ЧЕШМА ВО МАРЕНА.**
**ОВОЈ ОБЈЕКТ Е ЗНАЧАЕН ПРЕД СЕ ОД БЕЗБЕДНОСЕН АСПЕКТ БИДЕЈЌИ ГО ПОТПИРА ЗЕМЈИШТЕТО И СПРЕЧУВА ЕВЕНТУАЛНО ЛИЗГАЛИШТЕ НА ТЛО КАДЕ ИМА ПОВЕЌЕ СЕМЕЈНИ КУЌИ. ЕВЕНТУАЛНОТО ЛИЗГАЊЕ НА ЗЕМЈАТА БИ МОЖЕЛО ДА ГО ЗАГРОЗИ И СООБРАЌАЈОТ НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ КАВАДАРЦИ-НЕГОТИНО.**
**СО ЦЕЛОСНАТА ИЗГРАДБА НА ПОТПОРНИОТ ЅИД ОПШТИНАТА УСПЕШНО САНИРА И ОТСТРАНУВА ПОТЕНЦИЈАЛНА ОПАСНОСТ.**





**Општина Кавадарци реализираше уште еден комунален проект. Ангажираната оператива изврши асфалтирање на дел од ул. „Февруарски поход“. Беше асфалтирана делница во должина од 300 метри.**

**Денешното асфалтирање е продолжение на урбанизацијата на оваа улица, која е значајна сообраќајница во тој дел на Кавадарци, а околу која гравитираат многу индивидуални станбени објекти. Асфалтирањето е спроведено на барање на жителите од тој дел на градот.**

**Парите се обезбедени од комуналната сметка на буџетот на општината.**





# НАСТАНИ

**Пред споменикот "12 Ваташки младинци" беше одбележана 77 годишнината од стрелањето на 12 ваташки младинци. Согласно препораките и мерките за заштита од Ковид 19 , оваа година беше изоставена свечена програма за одбележување на овој значаен ден.**
**Делегација од локалната самоуправа, предводена од градоначалникот Митко Јанчев и претседателот на Советот Ристо Сакалиев, положи букет свежо цвеќе во знак на почит и спомен кон убиенитте деца. Букети свежо свеќе положија и претставници на Здуженито на борци почитувачи на придобивките од НОБ на Кавадарци, потомци од фамилиите на стреланите, од МЗ Ваташа, претставници на политичките партии, како и здруженија на граѓани.**
**„Смртта стана немоќна пред нашата младост исправена, пред**
**очите наши загледани уште тоа утро во иднината", овие зборови се испишани на споменикот а сведочат за еден**
**крвав злочин. На 16ти јуни 1943 година во месноста „Дулово долче" е извршено едно од најголемите злосторства во текот на Втората светска војна во Македонија. На тој ден беа стрелани 12 младинци од Ваташа на**
**возраст од 15 до 28 години, а потоа нивните тела на најѕверски начин се масакрирани.**
**На патот од кој никогаш нема да се вратат заминуваат:**
**Перо Видов - 15 г.,**
**Ванчо Гурев - 19 г.,**
**Данко Дафков - 18 г.,**
**Илија Димов -18 г.,**
**Ристо Ѓондев - 18 г.,**
**Блаже Ицев - 20 г.,**
**Герасим Матаков - 18г.,**
**Пане Мешков - 18 г.,**
**Ферчо Поп Ѓорѓиев - 26 г.,**
**Васил Хаџи Јорданов - 28 г.,**
**Диме Чекоров - 20 г. и**
**Пане Џунов - 18 г.**
**Со нив се спроведени и четирите младинки од селото: Невена**
**Хаџи Јорданова, Стева Ампова, Ката Ицева и Павлина Касапинова, оставени живи да сведочат за масакрот.**
**Песните „Ми заплакало селото Ваташа" од Лазар Манчевски и**
**„Цветови" од Славко Јаневски, секогаш ќе не потсетуваат на една младост, на 12 -те скоевци.**
**Вечна им слава!**

# НАСТАНИ







**СО БУКЕТИ СВЕЖО ЦВЕЌЕ, ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ЖРТВИТЕ ВО ПАРКОТ „ПОЛАНА“ БЕШЕ ОДБЕЛЕЖАНА 107 ГОДИШНИНАТА ОД „ТИКВЕШКОТО ВОСТАНИЕ“.**
**ТИКВЕШКОТО ВОСТАНИЕ Е ПРВО ОРГАНИЗИРАНО ВООРУЖЕНО ВОСТАНИЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПО ИЛИНДЕНСКОТО КОЕ, ПОРАДИ РАЗНИ ПРИЧИНИ, БИЛО ДОЛГО ПРЕМОЛЧУВАНО И ОД ИСТОРИЧАРИТЕ.**
**ТИКВЕШКОТО ВОСТАНИЕ ТРАЕЛО СЕДУМ ДЕНА И ТОЛКУ ТРАЕЛА СЛОБОДАТА НА КАВАДАРЦИ И НЕГОТИНО И ПОВЕЌЕ СЕЛА ОД ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН. МАКЕДОНСКИТЕ ВОСТАНИЦИ ГИ ОСЛОБОДИЛЕ ГРАДОВИТЕ КАВАДАРЦИ И НЕГОТИНО, КАКО И ПЕДЕСЕТТИНА СЕЛА ОД ТОЈ КРАЈ.**
**ВОСТАНИЕТО БИЛО КРВАВО ЗАДУШЕНО, ЗАГИНАЛЕ ИЛИ БИЛЕ УБИЕНИ ПОВЕЌЕ ОД 1.000 МАКЕДОНЦИ, А ОКОЛУ 2.700 БИЛЕ ЗАТВОРЕНИ. ПРИТОА БИЛЕ ИЗГОРЕНИ ОКОЛУ 1.000 КУЌИ И ДУЌАНИ, ПРЕД СЕ ВО КАВАДАРЦИ И ВО НЕГОТИНО.**





Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**